# ПРОМОЦИЈА НА ЗБОРНИКОТ
## 30 години – Институт за психологија

*Почитувани колеги, Ценети гости,*
*Дами и господа, Драги студенти*

*Ми претставува чест и особено задоволство што на денешниот ден кога го славиме* ***Јубилејот 30 години -Институт за психологија****, како Претседател на програмскиот и организацискиот одбор, да го промовирам Зборникот на трудови на колегите од Институтот за психологија кои во изминатите години партиципирале и партиципираат во градењето на рејтингот на Институтот.*

*Триесет години во животот на поединецот претставуваат период на зрелост, а триесет години постоење на институција претставуваат период на уште поголема зрелост. Оваа констатација е осведочена во развојот на Институтот за психологија.*

*По повод одбележувањето на јубилејот, наставниците и соработниците на Институтот издадоа Зборник на трудови кои се напишани на слободно избрани теми од самите автори. Тие обработуваат проблеми врз кои наставниците и соработниците работеле подолго време и кои претставуваат своевиден преглед и пресек на нивниот научен интерес.*

*Содржината на трудовите е синтетички обликувана, вредно аргументирана и елаборирана, поткрепена со сознанија од широка и современа консултирана литература. Истите се верна презентација на дострелот на психологијата во овој момент во Република Македонија.*

*Во Зборникот вклучени се 22 труда кои се претставени според азбучен редослед.*

Автор на првиот труд – **СИСТЕМИ ЗА АКТИВИРАЊЕ НА КРЕАТИВНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ЛИЧНОСТА** е промоторот на овој зборник,

Виолета Арнаудова (*д-р Виолета Арнаудова, вонреден професор, работи на Институтот за психологија од 1980 година*). Во трудот креативноста е сфатена како способност нормално дистрибуирана во човечката популација, но нееднакво е развиена кај сите нејзини членови. Дали човековиот креативен потенцијал ќе се развие до максимум или ќе остане притаен зависи од стимулативноста на средината во која поединецот егзистира, но и од неговата лична ангажираност. Ваквата констатација укажува на можноста креативните процеси да се вежбаат и да се подобруваат.

Психолозите развиле посебни системи за поттикнување на креативното мислење, од кои во трудот се подетално прикажани системите на: Torrance, Olton, Chrutchfield i sorabotnicite, Osborn, Haefel, Taylor, Gordon, Parnes, Kvašev и Treffinger.

Опишаните системи помагаат за успешно елиминирање на внатрешните и надворешните блокади, создавајќи креативни вештини, креативен стил и емоционални карактеристики на личноста кои се релевантни за процесот на творење.

Во трудот на Елена Ачковска -Лешковска (*д-р Елена Ачковска-Лешковска, асистент, работи на Институтот за психологија од 1985 година*) – **КОГНИТИВНАТА ТЕОРИЈА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА НАДАРЕНОСТ НА РОБЕРТ СТЕРНБЕРГ** е даден хронолошки преглед на доминантните сфаќања за надареноста, а подетално е прикажана когнитивната теорија на интелектуалната надареност формулирана од Роберт Стернберг-заснована на неговата трилачна теорија на интелигенцијата.

Според трилачната теорија на Стернберг, човековата интелигенција се темели на три вида мислење: *аналитичко, креативно и практично*. Во согласност со наведената концептуална рамка, интелектуалната надареност има три аспекти: *когнитивен, искуствен, практичен.*

Авторката укажува дека како и другите когнитивни психолози, така и Стернберг верува дека надареноста може да се јави во неколку форми: како манифестирање на компонентите на интелигенцијата *во академски ситуации* („умешност за решавање тестови“), *справување со новини* повеќе на синтетички отколку на аналитички начин (креативност) и примена на компонентите на интелигенцијата *во надворешен контекст* („улична бистрина“).

Својот труд „**ТРАУМАТИЧНИТЕ ИСКУСТВА И СИСТЕМОТ НА ВРЕДНОСТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПОМИРУВАЊЕ: НИЗ ПРИМЕРОТ НА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА**“ Миклош Биро (*д-р Миклош Биро, редовен професор на Филозофскиот факултет во Нови Сад, Србија и Црна Гора. На Институтот за психологија работел од 1982 до 1985 година*) го започнува со констатацијата дека војните што се водеа меѓу Србите, Хрватите и Босанците во периодот 1991-1995 во историјата ќе останат запишани и запаметени по нивната суровост, етнички чистења и воени злосторства. Кога човек ќе го преживее сето тоа неминовно се поставува прашањето како понатаму? Може ли да се случи помирување меѓу учесниците во процесот и каква е поврзаноста помеѓу трауматичното искуство и вредносниот систем во тој процес?

Низ едно комплексно истражување, во својот труд, Биро ја анализира таа поврзаност и се обидува да даде одговор на тоа дали и како може да дојде до помирување после тежок конфликт и закрвените страни да продолжат со својот живот, на патот кон посветла иднина.

Во декември 2002 год., авторот спроведе истражување на 100 бегалци од Хрватска и БиХ кои живеат во Србија. По примената на регресивната анализа резултатите покажаа дека најголема пречка за подготвеност за помирување претставува присуството на националистички/ксенофобични и етноцентрични ставови, со негативни стереотипи кон спротивната нација.

Авторот заклучува дека образованието за демократија, толеранција на малцинствата, човековите права е долг, но единствен начин да се промени вредносниот систем, со што ќе се овозможи целосна подготвеност за помирување и ќе им овозможи на членовите на националностите од поранешна Југославија, кои се во конфликт, да соработуваат.

**ЖИВОТНИ ЗАДАЧИ** е називот на трудот на Благоја Јанаков (*д-р Благоја Јанаков, редовен професор, работи на Институтот за психологија од 1989 година*), во кој се истакнува дека основната намена на личноста е да остварува разновидни животни задачи. Од бројните животни задачи (општествени, трудови и лични) авторот особено се задржува и разработува три важни задачи:

- **добрување** (односно, живеење во кое преовладуваат позитивни чувства);

- **благување** (односно, среќно живеење, или живеење во кое чувствата се најпријатни, преовладува блаженство во кое се доживува голема исполнетост),
- **лошување** (односно, лошо живеење)

Авторот претпоставува дека веројатно најосновна животна задача е добрувањето, а потребата да се постига и одржува добросостојба е мошне силен двигател.

Подзадача на најосновната животна задача (добрувањето) е тежнението на луѓето кон личен развој, себеостварување и совршенство. Авторот истакнува дека за многу луѓе најважна животна задача е љубовта и заедништвото.

Трудот на **Николина Кениг** (*м-р Николина Кениг, асистент, работи на Институтот за психологија од 1994 год.)* – **КОГА ЕТНИЧКИ *ДРУГИОТ* Е ЖЕНА – Улогата на родот во етничкото стереотипизирање,** претставува обид да се фрли светло врз запоставената родова димензија на интергрупната перцепција, во услови кога постои пролонгирана тензија помеѓу етничките колективитети.

Истражувањето е спроведено на 231 студент (131 етнички Македонци и 100 етнички Албанци), а анализата е насочена кон откривање на разликите во сликите за припадниците на другата етничка група кои произлегуваат од интеракцијата на полот на перципиентот со полот и релативната интрагрупна социјална моќ на етнички *Другиот.*

Покрај другите значајни наоди од истражувањето, може да се заклучи дека меѓугрупната перцепција не е родово неутрален процес. Вклучувањето на родовиот фактор во испитувањето на етничкото стереотипизирање, сигурно може да придонесе кон попрецизно разбирање на меѓугрупните односи.

*Нацрт националната програма за развој на образованието во РМ 2005-2015 г.* – како и проектните активности што во изминатата деценија се спроведуваат во училишната средина со цел да се усоврши наставата, и личните искуства претставуваа поттик за проф. Ружица Керамичиева (*д-р Ружица Керамичиева, пензиониран редовен професор, работела на Институтот за психологија од 1976 до 2001*

*година*) аналитички да се ориентира кон разгледување на конотативното значење на поимите „интеракција" и „учење" во современата настава. Во трудот **ПОИМИТЕ „ИНТЕРАКЦИЈА" И „УЧЕЊЕ" ВО СОВРЕМЕНАТА НАСТАВА** овие поими се разгледуваат низ теориите на Ж. Пијаже, Л. Виготски и Џ. Брунер.

Авторката извлекува заклучок дека наставата и учењето можат да се нарекуваат и интерактивни и активни, а интеракцијата помеѓу сите субјекти во наставниот процес може да се постигне ако учениците во настават имаат можност да се соочат со проблем-ситуации.

Преферирајќи го учењето како процес а не како продукт, авторката ја истакнува важноста на активното учење и придобивките од истото, како што се: мисловното ангажирање наместо механичката репродукција, внатрешната наместо надворешната мотивација, самодовербата и креативноста на учениците.

Во психолошката литература се повеќе се претпоставува и тврди дека постои поврзаност меѓу структурата на личноста, нејзината стабилност и индивидуалното приспособување. Авторот на трудот **СТАБИЛНОСТА ВО ИНДИВИДУАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ ФУНКЦИЈА НА СТАБИЛНОСТА ВО СТРУКТУРАТА НА ЛИЧНОСТА**, Јаков Лазаровски *(д-р Јаков Лазароски, пензиониран редовен професор, работел на Институтот за психологија од 1974 до 1986 година и од 1990 до 2001 година)*, трага по суштината на стабилноста во индивидуалното однесување. Притоа, вниманието на читателите се задржува на неколку прашања:

Кои фактори имаат детерминирачка сила за манифестирање на определен вид на однесување?

Како надворешните фактори се посредувани од субјективните услови? Како личноста влијае врз надворешните услови?

Во заклучниот дел од анализата на проблемот авторот изведува две констатации:

Прво, во сите наведени дефиниции цртите се сфатени како општи диспозиции, релативно трајни и конзистентни, организирани се во системи, а и самите се сложени структури и се јавуваат како синдроми на црти;

Второ, кога веќе ќе се воспостави стабилноста во однесувањето таа е функција на стабилноста во персоналната структура.

Во трудот **РАЗВОЈ КОН ВИШНОТО ЈАС**, Олга Мурџева Шкариќ (*д-р Олга Мурџева-Шкариќ, редовен професор, работи на Институтот за психологија од 1974 година*), го разгледува развојот кон повисокото (вишното) Јас. Развојот на вишното јас е предмет на интерес како на поединците така и на теолозите, трансперсоналистите и хуманистичките психолози. Стремежот кон повисокото јас значи трансцендирање (преобразување) во позитивно на негативностите што секој од нас ги поседува и стремеж кон почитување и разбирање на другите.

Нашето битие се состои од тело, ум и дух., при што Вишното јас е состојка на духот.

Модерната *квантна физика* овозможи формулирање на метафизичка теорија на свеста и го воведе принципот на извесноста и двојното значење на нештата. Авторката констатира дека науката и религијата во суштина се стремат кон иста цел, а тоа е: да се најде смислата преку согледување она што е дадено директно преку сетилата.

Анализирајќи го развојот на повисокото јас авторката нагласува дека тој се засновува на три вида невронски структури врз кои се надоврзани три вида на интелигенции: *интелектуална* (за решавање на логички проблеми), *емоционална* (која овозможува емпатија) и *спиритуална* (духовна интелигенција која ги обединува сите видови на интелигенција). На крајот на трудот се укажува на можностите за развој кон повисоко јас преку исцелување и репрограмирање на свеста.

Во трудот **СЕБЕ-ПОЧИТУВАЊЕТО И МОТИВОТ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ**, авторките: *Катерина Наумова (Катерина Наумова, помлад асистент, работи на Институтот за психологија од 2002 година), Ана Фрицханд(Ана Фрицханд, помлад асистент, работи на Институтот за психологија од 2003 година) и Билјана Блажевска (Билјана Блажевска, помлад асистент, работи на Институтот за психологија од 2003 година*) ја дискутираат поврзаноста меѓу **мотивот за постигнување** (како релативно стабилна диспозиција на личноста) и **себе-почитувањето** (како став на себевреднување). Систематично и аналитички авторите презентираат различни дефиниции и сфаќања за важноста на себе-почитувањето и мотивот за постигнување, за фазите и факторите кои влијаат на нивниот развој, како и за можностите за нивна процена.

Читателите на трудот ќе се соочат со исцрпни описи на карактеристиките на поединци со висок, односно низок мотив за постиг-

нување, како и со разликите меѓу високото и ниското себе-почитување и себе-прифаќање. Презентирани се резултатите добиени на 137 испитаници-студенти по примената на соодветни инструменти за мерење на варијаблите на истражувањето, и дискутирани се наодите од истражувањето кои потврдуваат постоење на поврзаност меѓу мотивот за постигнување и себе-почитување.

Во својот труд **ПСИХОЛОШКИ ТЕОРИИ ВО МУЗИКАТА** Владимир Нешиќ (*д-р Владимир Нешиќ, редовен професор на Филозофскиот факултет во Ниш, Србија и Црна Гора. На Институтот за психологија работел од 1986 до 1987 година*) и Милкица Нешиќ, истакнуваат дека за психологијата на музиката денеска може да се зборува како за систем од научни дисциплини во рамки на кој, покрај класичните пристапи, посебно место заземаат когнитивната и развојната психологија.

Авторите истакнуваат дека психолошките школи имаат свој придонес за разбирање на музичките феномени во врска со некоја специфична област од музичкото однесување, но дека ниту една од нив не е во состојба да ги опфати сите релевантни прашања во врска со музиката. Од таму тие ја нагласуваат и потребата од интердисциплинарен пристап во истражувањето на музиката, преку одредени теориски усогласувања, современа методологија и адекватен образовен систем.

Подобриот пристап кон целокупната проблематика и користењето на посовремени методи може да го унапреди Музичкото образование и култура. Но, авторите препорачуваат дека за да се успее во тоа потребно е психолозите во соработка со музичарите да иницираат истражувања на психо-музичките феномени, да спроведат истражувања, да ги разгледаат резултатите и да сугерираат нивна практична примена.

Имплицитно, секогаш кога психолозите требало да се занимаваат со природата на човекот, со проблемите на воспитувањето и социјализацијата, како и со проблемите на терапијата, го прифаќале поимот на вредности, но избегнувале да го истражуваат експлицитно. Во својот труд, **ПСИХОЛОГИЈА НА ВРЕДНОСТИТЕ**, Мирослава Николовска (*д-р Мирослава Николоска, редовен професор на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје. На Институтот за*

*психологија работела од 1977 до 1988 година*), истакнува дека во психологијата вредностите долго време биле запоставувани затоа што во себе содржат стандард што не можел да се вклопи во филозофијата на науката во 19 и во почетокот на 20 век.

Во трудот авторката дава елабориран преглед на бихевиористичките, психоаналитичките и хуманистичките теории за вредностите но, најголемо внимание ѝ посветува на хуманистичката теорија на вредностите. Авторката нагласува дека според оваа теорија човекот поседува внатрешни вредности кои се усвојуваат во процесот на психичкото созревање а не се последица на надворешни притисоци (како што сметале бихевиористите), ниту се стеги на минатото (како што сметале психоаналитичарите).

Во времето во кое живееме Информатичката технологија станува секојдневие. Зголемената употреба на компјутерите води кон втора револуција во сферата на трудот. Се појавуваат нови форми на работа наспроти традиционалните. Во својот труд **ПСИХОЛОШКИ ПРОБЛЕМИ НА НОВИТЕ ОБЛИЦИ НА РАБОТА**, авторот Томе Николоски (*д-р Томе Николоски, редовен професор, работи на Институтот за психологија од 1974 година*) укажува на ефектите од воведувањето на новата технологија во работењето:

– зголемување на човековата ефикасност во работата,
– зголемување на добробитта на луѓето на работа и
– олеснување на соработката помеѓу луѓето.

При воведувањето на оваа технологија во организациите се води сметка за економски и технолошки критериуми а исход е систем што е тежок за употреба, ја осиромашува човековата работа и кооперативната работа ја прави тешка. Ако при планирањето на новата технологија се води сметка за човекот, ќе се изгради систем што подобро ќе ги задоволува психолошките потреби на луѓето на работа.

За фокус групите во научно истражувачки цели и за прибирање податоци што се користат со цел да се открие што луѓето чувствуваат и/или мислат во врска со дадено прашање, Виолета Петровска Бешка (*д-р Виолета Петроска-Бешка, редовен професор, работи на Инсти-*

*шутот за психологија од 1980 година*) зборува во својот труд **ФОКУС ГРУПИТЕ ВО МЕТОДОЛОГИЈАТА НА НАУЧНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ**.

Покрај споредбата на методологијата на фокус групите со другите техники на прибирање податоци, авторката укажува на предностите и недостатоците на фокус групите, можноста да се користат како самостојна техника во склоп на квалитативните методи на истражување, или како помошно средство во рамки на квантитативнтата методологија.

Авторката дава корисни информации за практични цели детално прикажувајќи го начинот на формирање на групите, и начинот на определување на структурата и бројот на фокус групите за едно истражување и бројот на испитаниците во рамките на секоја фокус група.

Прецизно е опишана и подготовката на прашањата, со посебен осврт на начинот на формулирање на прашањата, редоследот на прашањата и категориите на прашањата кои треба да бидат застапени во работата со фокус групите.

Дискутирани се карактеристиките што треба да ги поседува модераторот за успешно да ја води дискусијата и да ја поттикнува интеракцијата меѓу испитаниците. Најпосле, презентирани се и можностите што анализата на содржина ги нуди за обработка на податоците добиени со примена на фокус групите.

Во трудот **КВАЛИТЕТОТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ФАКТОРИТЕ ОД КОИ ТОЈ ЗАВИСИ** авторот Киро Поповски (*м-р Киро Поповски, работел на Институтот за психологија од 1978 до 1987 година*) се занимава со суштината на поимот *квалитетно образование* и со *факторите* од кои тоа зависи.

Во трудот се говори за дефинирање на квалитетот воопшто (срж на тоа што цело време го посакуваме), за апсолутниот и релативниот концепт на истиот, напоменувајќи дека во образованието се работи за релативен концепт на квалитет. *Апсолутниот концепт* на квалитетот се сфаќа како синоним за нешто драгоцено, нешто што има посебна вредност, нешто идеално, а во *релативниот концепт квалитетот* е нешто договорено, определено со подетални описи и стандарди.

Посебно внимание авторот посветува на тешкотиите во дефинирањето на синтагмата квалитетно образование, особено кога ќе се

земат предвид потребите на учениците. При дефинирање на квалитетот на образованието авторот препорачува да се земе предвид дека тоа е услужна дејност во која „производството" на услугата се одвива во бројни интеракции меѓу давателот на услугата (наставникот) и нејзиниот корисник (ученикот).

Накусо, авторот се осврнува и на факторите од кои зависи квалитетот на образованието и на потребата од дефинирање на стандарди за предусловите, за процесот и за резултатите од образовниeто, односно на елементите кои се особено корисни од практичен аспект во име на подобрување на квалитетот во образованието.

Со трудот **КОГНИТИВНИТЕ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ**, авторот Михајло Поповски (*д-р Михајло Поповски, доцент, работи на Институтот за психологија од 1980 година.*) укажува дека секој просоцијален чин нужно претпоставува активирање на повеќе когнитивни механизми и процеси чии исходи можат да имаат значајно, а понекогаш дури и пресудно влијание врз начинот на однесување во дадената ситуација.

Просоцијалното однесување вклучува неколку фундаментални когнитивни процеси: перцепирање, расудување, решавање проблеми и одлучување, но сознанијата на авторот укажуваат дека не е лесно да се одгатне како тие процеси се активираат и се одвиваат, а уште потешко е да се утврди каква е нивната заемна поврзаност и влијателност врз одредено просоцијално однесување. Поради таквите тешкотии, во досегашните проучувања на когнитивните детерминанти на просоцијалното однесување, вниманието на истражувачите е насочено главно на ефектите на единечните механизми и процеси кои обично изолирано се разгледувани и објаснувани.

Во овој труд авторот особено внимание обрнува на овие механизми и процеси: исцрпно изложена е значајноста на перцепцијата на неволјата, прикажани се и засебно се анализирани ефектите на заземањето туѓо гледиште, вештините за разрешување интерперсонални проблеми, атрибуциите, анализата на трошоците и добивките и на моралното расудување.

Елисавета Сарџовска (*д-р Елисавета Сарџоска, доцент, работи на Инситутот за психологија од 1988 година*) во својот труд

**ПСИХО-СОЦИЈАЛНИ ФАКТОРИ НА СТАВОТ КОН ПАРИТЕ** ја проучува природата на поврзаноста помеѓу потребата за постигнување и организационата лојалност од една страна, и ставот кон парите во целина и кон компонентите на ставот, во работна организација која извршува финансиски услуги, со цел да се зголеми организационата ефикасност.

30 испитаници – комерцијалисти од „Комерцијална банка АД Скопје", се испитани со соодветни подскали за ставот кон парите и за мерење на потребата за постигнување и организационата приврзаност.

Резултатите укажаа постоење на специфичен став кон парите кој се состои од натпросечен афективен, бихевиорален и когнитивен однос кон парите кај комерцијалистите. Според мислењето на авторката потребата за постигнување и организационата приврзаност се влијателни фактори за формирањето и развојот на ставот кон парите.

Авторката, меѓу другото, заклучува дека за одржување на работната ефикасност се потребни континуирани работни постигнувања и просечна или оптимална организациона приврзаност од страна на вработените што може да се постигне со обезбедување поголеми бенефиции од работата и подобри работни услови.

Венка Симовска (*м-р Венка Симовска, работела на Институтот за психологија од 1990 до 1999 година*) и Емилија Георгиевска (*Емилија Георгиевска, работела на Институтот за психологија од 1997 до 1998 година*) во својот труд **МОЖЕ ЛИ ПСИХОЛОГИЈАТА ДА ИЗДРЖИ КРИТИКА *ОД ВНАТРЕ*? Преглед на радикално поинаков пристап во психологијата,** прикажуваат сегменти од еден светски тренд во психологијата познат како критичка психологија. Станува збор за радикално различна парадигма на посматрање и размислување за светот и за субјектите кои живеат во него. Заедничка идеја на *критичката психологија* е уверувањето дека психологијата има потенцијал и треба да придонесе кон подобар живот, подобро општество и подобар свет преку постојано подобрување на состојбата на луѓето.

Во оваа смисла авторките на трудот констатираат дека психологијата и психолозите дејствуваат како катализатор на позитивна социјална промена наместо како агенси на социјална контрола. Својот труд тие го завршуваат со препорака принципите, вредностите и идеите

во основа на критичката психологија кои беа дискутирани во текстот, можат да послужат како креативна провокација и инспирација за попродлабочено истражување и критичко вклучување на наведените (а и други) дискурси во понатамошниот развој на психологијата во Р Македонија.

Во постојаната интеракција со средината човекот е принуден да помни многу нешта. Обработувањето на стимулациите од средината и реакциите на нив се одвива низ интеракција на когнитивните и афективните процеси. Во својот труд **РАБОТНА МЕМОРИЈА И ЕМОЦИОНАЛНА МЕМОРИЈА. ИНТЕРАКЦИЈА НА МЕМОРИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ И АФЕКТИВНИТЕ СОСТОЈБИ,** Огнен Спасовски (*м-р Огнен Спасовски, асистент, работи на Институтот за психологија од 1999 год.*) нагласува дека афективните состојби имаат ефект и на брзината и на флексибилноста на овие процеси. Контролираното и координирано задржување и манипулирање со релевантните информации води до конструктот *работна меморија,* кој е аналитички и низ современа литература прикажан во трудот.

За означување на ефектите од интеракцијата меѓу афективните состојби и меморичките процеси кои се одразуваат на содржините од меморијата со кои оперираме, на информациите кои ќе бидат запомнати, на нивната трајност, авторот го користи конструктот *работна меморија.*

Брзите општествени, економски, социјални промени се следени и со голем број ризици кои неповолно се одразуваат врз психичката состојба на луѓето. Во вакви услови, се понагласена станува потребата на стручњаците-помагачи, за перманентно едуцирање во областа на психосоцијалната работа.

Трудот **ПСИХОСОЦИЈАЛНА РАБОТА – област на психологијата на социјалната работа, нешто помеѓу или посебно,** чиј автор е Верица Станенкова-Трајкова (*д-р Верица Стаменкова-Трајковска, редовен професор на Институтот за социјална работа и социјална политика. На Институтот за психологија работела од 1988 до 1990 година*) претставува теоретска расправа по прашањето: дали психосоцијалната работа е област на една од двете сродни области (психо-

логијата и социјалната работа), дали им припаѓа на двете области или е посебно подрачје формирано на основите на овие две матични дисциплини?

Посебниот предмет на проучување, целите и задачите, и покрај заедничката теоретска и методолошка основа со матичните дисциплини, упатуваат на заклучокот дека психосоцијалната работа е интердисциплинарно подрачје во кое се користат теоретски модели и методи од сродните дисциплини (психологијата и социјалната работа). Иако се уште во развој, психосоцијалната работа има своја препознатливост како посебна област во „семејството" на хуманистичките дисциплини.

Мошне важен составен дел на образовниот процес е испитувањето и оценувањето на учениците. Во својот труд **ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ОЦЕНУВАЊЕТО НА ЗНАЕЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ**, Зоран Стојановски (*д-р Зоран Стојановски, пензиониран редовен професор, работел на Институтот за психологија од 1974 до 2002 година*) разгледува неколку суштествени прашања во врска со училишното оценување на знаењето:

- базичните карактеристики на испитувањето и оценувањето на знаењето на учениците,
- факторите што влијаат врз метриската вредност на оценките.

Притоа, авторот подетално го елаборира влијанието што го имаат врз оценувањето на знаењето три посебни групи на фактори:

- фактори кои влијаат врз манифестирањето на знаењето,
- фактори кои се поврзани со наставникот кога тој се јавува во улога на инструмент за мерење на знаењето и
- фактори кои влијаат врз оценувањето, а се поврзани со начинот, односно техниката на испитување на знаењето.

Укажувањата на авторот имаат практични импликации и придонесуваат за постигнување на поголема објективност во испитувањето и оценувањето на учениците.

Во трудот на *Татјана Такашманова* (*д-р Татјана Такашманова, вонреден професор, работи на Институтот за психологија од 1986 година*) – **РАЗВОЈНО-ДИНАМСКИ ПРИСТАП ВО ТРЕТМАНОТ НА ДЕЦАТА СО ТЕШКА МЕНТАЛНА РЕТАРДАЦИЈА**, се прикажани основните развојно-

психолошки идеи применети во функција на специфичен развојно-динамски пристап при психодијагностички и рехабилитациско-терапевтски постапки кај деца со тешка ментална ретардација.

Пристапот кон децата со тешка ментална ретардација подразбира мултидимензионално согледување на проблемите, мултидисциплинарна тимска работа и, секако, мултитеоретска база на идеи кои ги почитуваат принципите на феноменолошко-егзистенционалната психологија, развојно-когнитивните и невропсихолошките сознанија и методи.

Авторката на трудот ги пренесува позитивните искуства од развојно динамскиот пристап во нашата социо-културна средина низ специфична лонгитудинална емпириска студија на планот на деинституционализација и интеграција на деца со тешка ментална ретардација, кои се продукт на интердисциплинарниот пристап во работата на наставници од Институтот за психологија и Институтот за дефектологија.

Последниот труд во Зборникот – **ОДДЕЛЕНСКА ПСИХОСОЦИЈАЛНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ НА ОСНОВНОШКОЛЦИТЕ** е посветен на проучувањето на психосоцијалната средина во процесот на учење.

Психосоцијалната клима во одделението е значајна од повеќе аспекти за сферата на образованието. Всушност, како што истакнува Орхидеја Шурбановска (*м-р Орхидеја Шурбановска, помлад асистент, работи на Институтот за психологија од 2000*) развојот на секое дете е можен само низ заедничкиот живот и работа, во интеракција со другите од опкружувањето. Опкружувањето на детето го сочинуваат неговите врсници и возрасните (родителите и настаниците), а интеракцијата меѓу нив придонесува за успехот во учењето, самодовербата, когнитивните способности и менталното здравје. Заклучоците во овој труд се базираат на резултати добиени на 171 ученик од 6 основни училишта од Скопје.

*Почитувани, објавувањето на трудовите во овој Зборник претставува можност за стручњаците од подрачјето на психологијата да се запознаат со актуелните согледувања и рефлексии во оваа област. Се надеваме дека трудовите ќе предизвикаат интерес и ќе оставaт траен белег од кој ќе имаат полза психолозите од*

*науката, практиката и младите кои за свој животен позив ја одбрале психолошката наука. Веруваме дека објавувањето на Зборникот ќе придонесе за натамошна општествена афирмација на психолошката научна мисла и за популаризација на сознанијата од оваа област во различни сфери од животот.*

*Но, за да Зборникот ја постигне својата цел покрај авторите придонесе Издавачот Деканот проф.д-р Трајан Гоцевски и печатницата Македонска Ризница која ги отпечати сите материјали поврзани со овој Јубилеј. Како претседател на програмскиот и организацискиот одбор од име на членовите на Институтот за психологија и од мое лично име ја користам можноста јавно да им се заблагодарам на сите кои придонесоа нашите намери за одбележување на тридецениското постоење да станат реалност.*

*Претседател на програмскиот*
*и организацискиот одбор за одбележување*
*на јубилејот „30 години – Институт за*
*психологија“*

***проф.д-р Виолета Арнаудова***